ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА 2014 ГОДИНА

Потрошувачка на лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ во примарната здравствена заштита

Сектор за фармација на ФЗОМ

Скопје, април 2015 година

Доставено до:

- Архива на ФЗОМ
- Директорот на ФЗОМ

СОДРЖИНА

ВОВЕД 3

1. ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЛЕКОВИ НА ТОВАР НА ФЗОМ ВО ПРИМАРНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА 4

1.1. Потрошувачка на лекови во примарната здравствена заштита во 2014 година 8

1.1.1. *Потрошувачка по Подрачни служби по број на рецепти и вкупни износи во 2014 година* 8

1.1.2.Потрошувачка по региони по број на рецепти и вкупни износи во 2014 година 13

1.1.3. Потрошувачка на лекови на рецепт според АТК нивоа во 2014 година 14

1.1.4. Потрошувачка на Топ - 10 лекови по генерики по ФЗО Подрачни служби во 2014 година 18

1.2 Потрошувачка на скапи лекови во примарна здравствена заштита 20

1.3 Лекови за трансплантирани органи, според Програма на Влада на РМ 22

1.4 Потрошувачка на лекови пропишани од лекари во дежурна служба 23

ЗАКЛУЧОЦИ 24

ПРЕДЛОГ МЕРКИ.....25

ВОВЕД

Согласно Законот за здравствено осигурување на Македонија во основни здравствени услуги кои ги обезбедува Фондот за здравствено осигурување на Македонија спаѓаат и лековите од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ за примарна и болничка здравствена заштита.

Снабдувањето со лекови на товар на Фондот во здравствените установи на секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита се извршува директно од страна на здравствените установи или Министерството за здравство на РМ преку постапки за јавни набавки. Фондот согласно Законот за здравствено осигурување е купувач на здравствените услуги во кои се вклучени и лекови.

Аптеките кои имаат склучен договор со Фондот до надлежната Подрачна служба на Фондот месечно доставуваат фактури за издадените лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот кои имаат референтна цена, во писмена и електронска форма заедно со пропратна документација согласно Договорот и Техничкото упатство на Фондот за аптеките. Процесот на анализа и контрола на податоците превземени во елктронска форма од аптеките за потрошувачката на лековите на товар на ФЗОМ во примарна здравствена заштита продолжува и во 2014 година, се со цел да се унапреди системот на обезбедување лекови за сите осигуреници и да се почитуваат и спроведуваат законските прописи и да се врши ефикасна алокација на финансиските ресурси со кои располага ФЗОМ.


Во примарната здравствена заштита, лековите на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ за примарна здравствена заштита кои имаат утврдена референтна цена и се издаваат на рецепт за осигурениците, се обезбедуваат преку ПЗУ аптеки со кои Фондот има склучено договор. Бројот на ПЗУ аптеки варира во текот на годината и последната бројка за активни аптеки кои имале договор со ФЗОМ за 2014 година е 707 аптеки- организациони единици на територија на РМ.

Од вкупно 426 лекови по генерика од примарната позитивна листа до 320 лекови се обезбедени без доплата за осигурениците, односно околу 75% од лековите за примарна здравствена заштита се обезбедени без доплата за осигурениците. Сумарно, од 2009 година кога бројката на лекови по генерики без доплата била 20% од вкупниот број на лекови за ПЗЗ, а во 2014 година бројката на лекови по генерики без доплата достигнува до 75,1%, што значи раст од околу 55%.


Со утврдените референтни цени на лекови од позитивната листа за ПЗЗ, бројот на лекови без доплата по заштитено име кои ги обезбедува Фондот во 2014 година достигна до 468 лекови (42% од вкупниот број лекови на рецепт).

Трендот на намалување на цените на лековите во РМ резултира со зголемување на бројот на лекови кои се обезбедуваат за осигурените лица без доплата, а истовремено за одредени лекови се намалува и партиципацијата која ја плаќаат осигурениците при подигање на лек на рецепт на товар на ФЗОМ, со што се овозможува поголема достапност до потребната терапија со лекови. Постои тенденција бројот на лекови без доплата да се зголемува и понатаму со што ќе се намалува бројот на лекови со доплата (графикони А и Б).

Графикон А: Споредба на доплатите за лекови во ПЗЗ по заштитено име



Графикон Б: Споредба на лекови по генеричко име со референтна цена за ПЗЗ, со и без доплата




1. Потрошувачката на лекови на товар на ФЗОМ во примарната здравствена заштита


Врз основа на податоците од аптеките со кои располага ФЗОМ се забележува дека од година во година постои тренд на зголемување на бројот на реализирани рецепти, а соодветно на тоа расте и вкупниот износ одвоен за лекови на товар на ФЗОМ во примарна здравствена заштита (Графикон 1 и 2). Ова е во согласност и со светските трендови за зголемување на консумацијата на лекови.

Од Графиконите 1 и 2 се забележува дека постои континуирано зголемување на бројот на реализирани рецепти и вкупни износи одвоени за лекови во ПЗЗ. За периодот 2008-2014 година, бројот на реализирани рецепти е зголемен за 88,5%, односно вкупниот износ за лекови издадени на рецепт во аптеките е зголемен за околу 71,6%

Графикон 1. Приказ на порастот на бројот на реализирани рецепти за лекови во ПЗЗ (%), 2008 – 2014 година



Графикон 2. Приказ на порастот на вкупниот износ за лекови во ПЗЗ (%), 2008 – 2014 година



Овој извештај е изготвен врз основа на податоци добиени од информатичкиот сиситем на ФЗОМ на ден 2.02.2015 година.

Во Табелата 1 даден е приказ на бројот на реализирани рецепти за лекови издадени во ПЗУ аптеки кои имаат договор со Фондот и вкупните износи за периодот 2011-2014 година од каде

исто така може да се забележи континуираниот раст на употребата на лекови во последните четири години.

Фактот дека во 2014 година има значително зголемување од околу 9% на бројот на реализирани рецепти во однос на непроменетиот процент на зголемување на вкупниот износ, делумно се должи и на намалувањето на цените на лековите. Ова значи дека во рамки на расположивите средства се обезбедуваат се повеќе лекови за нашите осигуреници.

Исто така, на потрошувачката на лековите кои се идаваат на рецепт на товар на ФЗОМ влијаеа и измените и дополнувањата на Листата на лекови кои без направени во текот на 2014 година. Имено, во 2014 година Листата на лекови беше дополнета со нов лек, тоа е лекот со генерика Clopidogrel, кој се користи кај кардиоваскуларните заболувања. За оваа генерика беше утврдена и референтна цена со што стана достапен за нашите осигуреници кои можат да го подигнат овој лек на рецепт на товар на Фондот во било која аптека која има склучен договор со ФЗОМ.

Одредени корекции во делот на јачините и формите на лековите од примарната позитивна листа, резултираше со дополнувања на Листата на лекови со нови форми и јачини.

Исто така, во 2014 година генериките levodopa+carbidopa+entacapone, venlafaxine, oxcarbamazepin, itraconazol и pyridostigmin преминаа од болничка на примарна позитивна листа, со што се овозможи нивна поголема допстаност за осигурениците, односно со оваа измена осигурениците можат да ги подигнат овие лекови на рецепт на товар на Фондот во било која аптека која има склучен договор со ФЗОМ.

Табела 1. Приказ на број на реализирани рецепти и вкупни износи (денари) за период 2011-2014 година

	2011 година	Индекс 2012/2011	2012 година	Индекс 2013/2012	2013 година	Индекс 2014/2013	2014година
Број на реализирани рецепти	16.332.551	1,07	17.485.146	1,02	17.822.132	1,09	19.385.458
Вкупен износ	1.902.841.544	1,05	1.993.189.875	1,07	2.123.979.166	1,07	2.263.253.158

Вкупно издвоени средства од Фондот за лекови од примарната листа на лекови кои паѓаат на товар на Фондот, вклучително и рефундациите за лекови од Примарната позитивна листа кои во 2014 година имаат износ од 1.684.989,00 денари, **во 2014 година се 2.264.938.147 денари.**

Од Табелата 2 во која се прикажани бројот на реализирани рецепти и вкупни износи за лековите според Анатомско-Терапевтско-Хемиска класификација на лекови според СЗО (понатаму во текстот е кратенка АТК). По АТК прво ниво за периодот 2011-2014 година се забележува континуиран пораст на бројот на реализирани рецепти, како и на вкупните износи кои се издвојуваат за лекови на рецепт на товар на ФЗОМ во примарна здравствена заштита.

Табела 2. Приказ на бројот на резлизирани рецепти и вкупни износи, АТК прво ниво, 2011 – 2014 година


АТХ група на лекови		2011 година	2012 година	2013 година	2014 година	Индекс 2012/2011	Индекс 2013/2012	Индекс 2014/2013
A Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот	Број на рецепти	2.010.029	2.193.674	2.252.032	2.412.332	1,09	1,03	1,07
	Вкупен износ (денари)	172.641.475	185.460.968	200.651.427	200.667.129	1,07	1,08	1,00
B Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи	Број на рецепти	162.285	182.676	194.360	223.435	1,13	1,06	1,15
	Вкупен износ (денари)	15.212.602	16.460.010	17.128.440	20.083.388	1,08	1,04	1,17
C Лекови кои делуваат на срце и крвни садови	Број на рецепти	6.758.383	7.363.886	7.790.143	8.496.858	1,09	1,06	1,09
	Вкупен износ (денари)	482.008.698	524.133.860	574.581.234	635.321.585	1,09	1,10	1,11
D Дерматолошки лекови	Број на рецепти	166.147	190.598	196.271	222.309	1,15	1,03	1,13
	Вкупен износ (денари)	18.474.649	20.988.629	21.089.240	24.793.766	1,14	1,00	1,18
G Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони	Број на рецепти	475.498	514.569	543.317	606.056	1,08	1,06	1,12
	Вкупен износ (денари)	145.773.247	130.471.819	146.722.584	168.962.294	0,90	1,12	1,15
H Лекови со дејство на Жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин	Број на рецепти	218.402	231.424	249.334	270.383	1,06	1,08	1,08
	Вкупен износ (денари)	29.760.356	27.486.158	29.366.870	31.428.388	0,92	1,07	1,07
J Антиинфективни лекови за системска употреба	Број на рецепти	2.032.989	1.940.130	1.781.858	1.927.216	0,95	0,92	1,08
	Вкупен износ (денари)	366.306.940	349.353.948	310.860.286	318.485.359	0,95	0,89	1,02
L Антинеопластични и имуномодулаторни лекови	Број на рецепти	51.539	53.685	56.042	56.564	1,04	1,04	1,01
	Вкупен износ (денари)	42.261.086	33.654.016	39.675.973,1	38.172.435,61	0,80	1,18	0,96
M Лекови со дејство на коскено мускулен систем	Број на рецепти	932.429	979.914	946.738	979.109	1,05	0,97	1,03
	Вкупен износ (денари)	83.355.225	91.946.335	94.581.533,5	101.764.942,27	1,10	1,03	1,08
N Лекови со дејство на ЦНС	Број на рецепти	2.459.083	2.689.451	2.585.743	2.847.133	1,09	0,96	1,10
	Вкупен износ (денари)	288.810.025	338.780.631	365.853.325	346.867.441	1,17	1,08	0,95
P Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити	Број на рецепти	28.180	27.427	26138	25.876	0,97	0,95	0,99
	Вкупен износ (денари)	2.455.956	2.281.076	2.145.454	2.056.796	0,93	0,94	0,96
R Лекови за третман на болести на	Број на рецепти	769.683	821.926	875.567	963.107	1,07	1,07	1,10
	Вкупен износ	211.306.481	223.586.175	266.023.372	313.121.384	1,06	1,19	1,18

респираторен систем	(денари)							
S Лекови кои делуваат на сензорни органи	Број на рецепти	267.904	295.726	323.983	354.043	1,10	1,10	1,09
	Вкупен износ (денари)	44.474.805	48.571.805	55.153.952	61.302.464	1,09	1,14	1,11
V Останати лекови	Број на рецепти	/	60	606	1.037	/	10,10	1,71
	Вкупен износ (денари)	/	14.445	145.474,5	225.785,77	/	10,07	1,55
	Вкупно рецепти	**16.332.551**	**17.485.146**	**17.822.132**	**19.385.458**	**1,07**	**1,02**	**1,09**
	Вкупен износ (денари)	**1.902.841.544**	**1.993.189.875**	**2.123.979.166**	**2.263.253.158**	**1,05**	**1,07**	**1,07**

Во 2014 година се забележува намалување на бројот на рецептите само кај лековите од АТК групата P – антипаразитни лекови, со 1% помалку рецепти во однос на 2013 година, додека во однос на 2011 се забележува намалување од околу 8%.

Во однос на **вкупните износи за лекови на рецепт на товар на Фондот за здравствено осигурување** во примарна здравствена заштита, генерално се забележува зголемување на износите. Само кај три од четиринаесет АТК групи на лекови се забележува намалување на вкупните износи. Таков е случајот кај лековите од АТК групата **L** – антинеопластични и имуномодулаторни лекови, каде намалувањето е од околу 4%, кај АТХ групата **N** - лекови со дејство на ЦНС намалувањето е од околу 5% додека за АТК групата **P** намалувањето е од околу 4% во однос на претходната 2013 година.

Графикон 3. Број на реализирани рецепти во ПЗЗ, 2010-2014



Од анализата направена врз основа на потрошувачката на лекови на АТК прво ниво, во последните четири години (2011 – 2014 година) најголемиот број рецепти се однесуваат на лекови од АТК групата **C** – лекови за кардиоваскуларниот систем (Графикон 3). За оваа група на лекови од година во година расте бројот на реализирани рецепти и тие се секогаш први по потрошувачката што е и светски тренд. Во 2014 година се ализирани околу 8,5 милиони рецепти


за лековите од оваа група што претставува зголемување од околу 9% во однос на 2013 година и 25,7% зголемување во однос на 2011 година. Оваа група на лекови од година во година бележи и поголемо учество во вкупно издадените лекови, па така во 2014 година од вкупниот број на реализирани рецепти 43,8% припаѓаат на групата **C**.

Втора по бројот на реализирани рецепти е групата на лекови со дејство на централниот нервен систем (АТК група **N** – лекови за нервен систем). Кај оваа група на лекови за првпат во 2013 година се забележува намалување на бројот на реализирани рецепти во однос на 2012 година, но сепак во 2014 година повторно има тренд на зголемување на потрошувачката во однос на претходната 2013 година од околу 10%.

На трето место според бројот на реализирани рецепти се лековите од АТК групата А - лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот.

Лековите од АТК групата **J** – антиинфективни лекови, исто како и во 2012 и 2013 година се на четвртото место според бројот на реализирани рецепти, но за разлика од 2012 година и 2013 година кога имаше намалување на потрошувачката на овие лекови, во 2014 година има повтроно раст од околу 8% во однос на 2013.

Графикон 4. Вкупни износи за лекови на рецепт во ПЗЗ, 2010-2014



Најголеми износи во годините наназад се издвојувани за лекови од АТК групите: **C**, **N** и **J** (Графикон 4). Во 2014 година за лековите од АТК **C** групата се издвоени околу 635 милиони денари што претставува околу 28% од вкупно издвоените средтва за лекови за оваа година. За лековите наменети за ЦНС се издвоени околу 15% од вкупните средства за оваа година но ако потрошувачката на лекови по број на реализирани рецепти за лековите од АТК **N** групата е зголемена во однос на 2013 година, вкупно издвоениот износ се намалува во однос на лани за околу 5%, што меѓудругото е резултат и на годишнитте ревизии на референтни цени на лекови. За антиинфективните лекови во 2014 година се издвоени околу 318,5 милиони денари или околу 14% од средствата наменети за лекови.

1.1. Потрошувачка на лекови во примарната здравствена заштита во 2014 година

1.1.1. *Потрошувачка по Подрачни служби по број на рецепти и вкупни износи во 2014 година*

Во 2014 година обезбедувањето на осигурениците со лекови од Листата на лекови на товар на Фондот во примарна здравствена заштита се вршеше преку 714 аптеки во првата половина на година, односно преку 707 аптеки во втората половина со кои Фондот има склучено Договор. Во овој период, на Листата на лекови се наоѓаат на 400 лекови со генеричко име односно околу 1100

лекови со заштитено име кои се издаваат во ПЗУ аптеки, наменети за примарна здравствена заштита. Во 2014 година вкупно се реализирани 19.385.458 рецепти со вкупен износ од 2.263.253.158 денари. Во Табела 3 е дадена споредба на бројот на издадени лекови по подрачни служби на Фондот, број на ДДД (дефинирана дневна доза на лек) на 1000 осигуреници по ден и број на рецепти по осигуреник за 2014 споредено со 2013 година.

Табела 3. Потрошувачка на лекови во ПЗЗ според по Подрачни служби на ФЗОМ, 2013-2014 година

Реден број	ФЗО Подрачна служба	Вкупен број на рецепти 2013	Вкупен број на рецепти 2014	DDD/1000 осиг./Ден 2013	DDD/1000 осиг./Ден 2014	Број на осигуреници (2013)	Број на осигуреници (2014)	Просечен број на рецепти по осигуреник 2013	Просечен број на рецепти по осигуреник 2014
1	Берово	245.352	244.816	859	856	15.081	14.971	16	16
2	Битола	1.093.840	1.155.591	569	594	94.072	92.885	12	12
3	Брод	63.332	74.493	404	486	7.523	7.562	8	10
4	Валандово	112.128	121.726	573	621	9.730	9.727	12	13
5	Виница	179.653	181.589	657	630	15.505	15.526	12	12
6	Гевгелија	395.781	438.593	683	729	29.675	30.196	13	15
7	Гостивар	571.428	656.751	359	401	79.660	80.954	7	8
8	Дебар	181.330	183.758	460	450	19.230	19.115	9	10
9	Делчево	289.832	308.086	709	743	20.404	20.242	14	15
10	Демир Хисар	85.805	92.458	603	648	7.014	6.973	12	13
11	Кавадарци	453.104	513.661	641	640	40.648	43.128	11	12
12	Кичево	509.071	551.569	648	710	40.085	39.826	13	14
13	Кочани	450.390	500.766	647	707	38.045	38.005	12	13
14	Кратово	80.422	84.923	601	617	7.008	7.074	11	12
15	Крива Паланка	195.690	220.720	529	585	18.960	18.518	10	12
16	Крушево	49.555	55.206	311	341	8.368	8.273	6	7
17	Куманово	1.009.647	1.114.629	448	481	112.559	113.104	9	10
18	Неготино	253.705	277.421	761	841	18.189	17.559	14	16
19	Охрид	643.985	715.919	640	702	53.392	53.591	12	13
20	Прилеп	964.397	1.054.047	620	663	84.804	84.184	11	13
21	Пробиштип	151.041	156.071	648	632	12.214	12.204	12	13
22	Радовиш	214.161	217.867	433	436	26.063	25.997	8	8
23	Ресен	187.571	198.595	655	662	14.381	14.554	13	14
24	Свети Николе	135.020	146.922	421	446	16575	16446	8	9
25	Скопје	5.601.365	6.072.856	480	497	602.556	604.523	9	10
26	Струга	499.543	549.541	497	543	48.851	48.828	10	11

27	Струмица	897.172	984.845	587	646	82.717	81.632	11	12
28	Тетово	1.100.359	1.217.715	354	381	153.025	155.151	7	8
29	Велес	681.853	718.473	625	638	55.431	54.835	12	13
30	Штип	525.600	575.851	501	519	52.851	53.215	10	11
	Вкупно	**17.822.132**	**19.385.458**			**1.784.616**	**1.788.798**		

Од Табелата 3 се гледа дека најголем **број на рецепти** се реализирани на територијата на Подрачната служба Скопје со вкупно 6.072.856 рецепти, што изнесува 31,3 % од вкупно реализираните рецепти за 2014 година во целата држава и претставува зголемување од околу 8,4% во однос на бројот на реализирани рецепти во оваа подрачна служба во однос на 2013. Од вкупниот број на рецепти реализирани во Подрачна служба Скопје, 1,67% се рецепти издадени на осигуреници од други подрачни служби, или поточно на 23.075 осигуреници од други подрачни служби.

И во 2014 година на второ место според бројот на реализирани рецепти е Подрачна служба Тетово со околу 1.217.715 рецепти или околу 6,3% во однос на вкупниот број на реализирани рецепти, а на трето место е Подрачната служба Битола со 1.155.591 реализирани рецепти (6%).

Најмал број на рецепти се реализирале во Подрачна служба Крушево, вкупно 55.206 рецепти односно само 0,28% од вкупно реализираните рецепти за 2014 година. Инаку споредувано по подрачни служби во сите подрачни служби има зголемување на бројот на реализирани рецепти во однос на 2013 година, со исклучок на Подрачната служба Берово каде се бележи намалување на бројот на реализирани рецепти од околу 0,2%. Најголемо зголемување на бројот на реализирани рецепти во однос на 2013 година е забележано во Подрачната служба Брод со околу 17,6%. Зголемување на потрошувачката во ПС Брод била забележана и во 2013 година кога споредено со 2012 година зголемувањето било околу 13,7 %.

За пресметка на **потрошувачката на лекови по дневна дефинирана доза (ДДД)** по ФЗО Подрачни служби (Табела 3) земена е вредноста за број на пакувања во кој соодветно се пресметани и рецептите за лековите кои се делат што се утврдени со Одлука на Управниот одбор на ФЗОМ.

Според пресметаните вредности за ДДД на 1000 осигуреници на ден, забележливо е дека во поголемиот подрачни служби има зголемување на бројот на ДДД/1000/ден, со исклучок на Подрачните служби Берово, Виница, Дебар, Кавадарци и Пробиштип, каде имаме намалување. Зголемувањето на вкупната вредност на ДДД/1000/ден во однос на 2013 изнесува 5,46%.

Најголема потрошувачка според ДДД исто како и во 2013 година има во Подрачна служба Берово со вкупно 856 ДДД/1000/ден, во Подрачна служба Неготино има 841 ДДД/1000/ден , а во Подрачна служба Делчево има 743 ДДД/1000/ден. Во Подрачна служба Крушево се искористени најмалку лекови бидејќи ДДД/1000/ден за оваа подрачна служба изнесува 341 единици.

Најголемо зголемување на потрошувачката според ДДД/1000/ден во однос на 2013 година има во Подрачна служба Брод и истото изнесува околу 20%.

Во Табела 4 дадена е споредбата за вкупните износи по подрачни служби како и просечните износи по осигуреник за 2014 и 2013 година.

Табела 4. Потрошувачка на лекови во ПЗЗ по Подрачни служби на ФЗОМ според вкупните износи, 2013-2014 година


Реден број	ФЗО Подрачна служба	Вкупен износ (денари) 2013	Вкупен износ (денари) 2014	Удел на Подрачните служби во вкупниот износ за 2014	Просечен износ на лекови на рецепт по осигуреник (денари) 2014	Просечен износ на лекови на рецепт по осигуреник (денари) 2013	Просечен износ на лекови на рецепт по осигуреник (денари) 2014
1	Берово	23.936.425,16	24.026.583,78	1,06%	1.604,88	1.587,19	1.604,88
2	Битола	117.218.620,28	123.507.296,38	5,46%	1.329,68	1.246,05	1.329,68
3	Брод	5.982.497,37	6.791.686,28	0,30%	898,13	795,23	898,13
4	Валандово	11.622.685,80	11.818.046,78	0,52%	1.214,97	1.194,52	1.214,97
5	Виница	19.181.912,25	19.452.497,65	0,86%	1.252,90	1.237,14	1.252,90
6	Гевгелија	40.322.498,85	44.075.477,81	1,95%	1.459,65	1.358,80	1.459,65
7	Гостивар	73.444.076,28	81.992.608,85	3,62%	1.012,83	921,97	1.012,83
8	Дебар	21.936.936,46	22.383.206,71	0,99%	1.170,98	1.140,77	1.170,98
9	Делчево	29.396.997,01	31.610.145,12	1,40%	1.561,61	1.440,75	1.561,61
10	Демир Хисар	7.785.817,82	8.375.082,71	0,37%	1.201,07	1.110,04	1.201,07
11	Кавадарци	58.364.831,41	64.639.391,62	2,86%	1.498,78	1.435,86	1.498,78
12	Кичево	53.812.511,86	56.693.168,22	2,50%	1.423,52	1.342,46	1.423,52
13	Кочани	50.320.833,51	56.861.528,08	2,51%	1.496,16	1.322,67	1.496,16
14	Кратово	8.884.655,38	9.301.022,71	0,41%	1.314,82	1.267,79	1.314,82
15	Крива Паланка	22.661.294,49	25.281.447,99	1,12%	1.365,24	1.195,22	1.365,24
16	Крушево	6.072.723,42	6.533.399,24	0,29%	789,73	726	789,73
17	Куманово	127.009.980,70	136.107.788,16	6,01%	1.203,39	1.128,39	1.203,39
18	Неготино	23.403.329,27	26.286.732,77	1,16%	1.497,05	1.286,67	1.497,05
19	Охрид	79.366.113,56	85.084.341,38	3,76%	1.587,66	1.486,48	1.587,66
20	Прилеп	111.923.531,11	119.519.648,26	5,28%	1.419,74	1.319,79	1.419,74
21	Пробиштип	15.264.032,97	15.959.005,81	0,71%	1.307,69	1.249,72	1.307,69
22	Радовиш	24.522.156,63	25.245.732,25	1,12%	971,10	940,88	971,10
23	Ресен	20.773.253,46	21.443.032,07	0,95%	1.473,34	1.444,49	1.473,34
24	Свети Николе	16.292.600,63	17.021.312,98	0,75%	1.034,98	982,96	1.034,98
25	Скопје	722.427.317,66	765.618.700,19	33,83%	1.266,48	1.198,94	1.266,48
26	Струга	60.193.097	62.899.612,70	2,78%	1.288,19	1232	1.288,19
27	Струмица	99.760.065,72	105.560.048,91	4,66%	1.293,12	1.206,04	1.293,12
28	Тетово	136.013.886,66	143.671.630,82	6,35%	926,01	888,83	926,01

29	Велес	76.090.351,58	79.267.787,74	3,50%	1.445,57	1.372,70	1.445,57
30	Штип	59.994.131,98	66.225.194,28	2,93%	1.244,48	1.135,16	1.244,48
	Вкупно	**2.123.979.166**	**2.263.253.158,25**	**100,0%**		**1190,16**	

Во однос на вкупните износи со кои се опфатени референтната цена на лекот, услугата за аптеката и партиципацијата од осигурениците, во ФЗО Подрачна служба Скопје се издвоени 765,6 милиони денари односно 33,82% од вкупниот износ за лекови, втора по вкупен износ за лекови од примарна здравствена заштита е Подрачната служба Тетово во која вкупниот износ за лекови изнесува 143.671.630,82 денари или 6,35% од вкупниот износ на ниво на РМ. Во ФЗО Подрачната служба Куманово вкупниот износ изнесува 136.107.788,16 денари или 6,01% од вкупно издвоениот износ за лекови, со што оваа Подрачна служба се наоѓа на трето место по износи за лекови на рецепт. Најмалку средства за лекови се издвоени во Подрачна служба Крушево каде се издвоени само 0,29% од вкупниот износ за лекови на товар на ФЗОМ.


На ниво на РМ во 2014 година просечно се реализирани околу 10,8 рецепти по осигуреник.
Според просечниот број на реализирани рецепти по осигуреник по подрачни служби на Фондот (Графикон 5) се гледа дека најмногу рецепти по осигуреник се реализирани во Подрачна служба Берово и Неготино со просечно 16 рецепти по осигуреник, додека во Подрачна служба Делчево и Гевгелија се реализирани просечно по 15 рецепти по осигуреник. Најмал број на рецепти по осигуреник се реализирани во Подрачна служба Крушево.

Графикон 5. Просечен број на реализирани рецепти по осигуреник по Подрачна служба на ФЗОМ, 2014 година



Во 2014 година анализата во однос на вкупниот просечен износ по осигуреник по подрачни служби (Графикон 6) покажува дека најмногу средства за лекови на товар на ФЗОМ во ПЗЗ се потрошени во Подрачна служба Берово со околу 1.604,9 денари по осигуреник, во Подрачна служба Охрид се одвоени околу 1.587,6 денари, а во Подрачна служба Делчево се одвоени околу 1.561,6 денари. Просечно најмалку средства по осигуреник за лекови од примарна здравствена заштита се одвоени во Подрачна служба Крушево каде просечниот износ за лекови е околу 789,7 денари по осигуреник. На ниво на РМ просечно се издвоени по 1.285 денари по осигуреник за лекови од ПЗЗ, што претставува зголемување за околу 7,9% во однос на 2013 година.


Графикон 6. Просечен износ во денари по осигуреник по Подрачна служба на ФЗО, 2014 година



1.1.2.Потрошувачка по региони по број на рецепти и вкупни износи во 2014 година


Анализита на потрошувачката по региони покажува дека исто како и на ниво на РМ во сите региони на прво место според бројот на реализирани рецепти се лековите за кардиоваскуларниот систем, на второ место се лековите со дејство на централниот нервен систем, додека лековите со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот се на трето место во сите региони со исклучок на Североисточниот регион каде на трето место според бројот на реализирани рецепти се антиинфективните лекови за системска употреба, тренд кој се забележа и во претходната 2013 година. (Графикон 7).

Графикон 7. Број на реализирани рецепти за лекови во ПЗЗ по АТК групи и по региони за 2014 година




Исто така, и во однос на издвоените средства на прво место се лековите од групата С, на второ место се лековите од групата N со исклучок на скопскиот регион каде на второ место се АТК R групата на лекови за третман на болести на респираторниот систем и североисточниот регион каде на второ место се лековите од групата J - антиинфективни лекови. (Графикон 8).

Графикон 8 Вкупно издвоени износи за лекови во ПЗЗ по АТК групи и по региони за 2014 година




Најголема потрошувачка на лекови се забележува во Скопскиот регион, а најмала во Североисточниот регион. (Графикон 9)

Графикон 9. Број на реализирани рецепти по АТК прво ниво, за 2014 година



Раст на просечниот број на рецепти по осигуреник во 2014 година во однос на 2013 година се забележува во сите регион Најголема потрошувачка на лекови според просечниот број на реализирани рецепти по осигуреник е забележана во Југоисточниот регион со 12,72 рецепти по осигуреник, каде што се забележува и најголем пораст на реализирани рецепти по осигуреник од околу 15% во однос на 2013 година. Најмала потрошувачка според просечниот број на рецепти исто како и претходната година е забележана во Полошкиот со 7,94 рецепти по осигуреник.

Графикон 10 – Просечната потрошувачка на лекови по региони по осигуреник за 2014




1.1.3. Потрошувачка на лекови на рецепт според АТК нивоа во 2014 година


1.1.3.1 Потрошувачка на лекови на рецепт според АТК ниво I во 2014 година

Од анализата на потрошувачката на лекови според АТК класификација на прво ниво може да се забележи дека со најголема потрошувачка се лековите од АТК групите: C - Лекови кои делуваат на срце и крвни садови; N - Лекови со дејство на ЦНС; A - Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот; J - Антиинфективни лекови за системска употреба; M - Лекови со дејство на коскено мускулен систем; R- лекови за третман на болести на респираторниот систем .


Графикон 11. Број на реализирани рецепти по АТК прво ниво, за 2014 година [1]



Графикон 12. Број на ДДД/1000/ден по АТК прво ниво, за 2014 година[1]



Графикон 13. Вкупни износи за лекови по АТК прво ниво, за 2014 година[1]



Најпотрошувани лекови во 2014 година на АТК прво ниво се лековите од С групата (лекови кои делуваат на кардиоваскуларниот систем) и тоа по број на реализирани рецепти, по број на ДДД/1000/ден и по износи (Графикон 11 , 12 и 13).

1.1.3.2 Потрошувачка на лекови на рецепт според АТК ниво III во 2014 година


На трето ниво според АТК класификација (Графикон 14) исто како и претходните години најпотрошувани лекови по број на рецепти се АЦЕ инхибиторите, по нив се лековите кои делуваат

[1] [1]**A** - лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот; **B** - лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи; **C** - лекови кои делуваат на срце и крвни садови; **D** - дерматолошки лекови; **G** - лекови кои делуваат на генитоуринарниот тракт и полови хормони; **H** - лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин; **J** - антиинфективни лекови за системска употреба; **L** – антинеопластични и имуномодулаторни лекови; **M** - лекови со дејство на коскено - мускулен систем; **N** -лекови со дејство на ЦНС; **P** - лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити; **R** - лекови за третман на болести на респираторен систем; **S** - лекови кои делуваат на сензорни органи

на ЦНС – анксиолитиците, а бета блокаторите (АТК код С07А) се наоѓаат на трето место по потрошувачка по број на рецепти.


Кај сите подолу наведени групи на лекови се забележува зголемување на потрошувачката во 2014 година, со исклучок на периферните вазодилататори (АТК код С04А) кај кои се забележува помал број на реализирани рецепти во споредба со претходната 2013 година.

Графикон 14. Топ 10 по број на реализирани рецепти по АТК ниво III, 2014 година[2]



Анализирано според број на ДДД/1000/ден, првите три најпотрошувани групи на лекови се лекови со дејство на кардиоваскуларниот систем и тоа на прво место, исто како и според бројот на реализирани рецепти се наоѓаат АЦЕ инхибиторите, на второ место се лековите кои ги намалуваат нивото на серумските липиди, додека на трето место се групата на селективни блокатори на калциумови канали (Графикон 15).


Графикон 15. Топ 10 по број на ДДД/1000/ден по АТК ниво III, 2014 година[2]



Анализирано на трето ниво според АТК класификација (Графикон 16) во 2014 година според вкупните издвоени износи на прво место се наоѓаат лековите од С10А- лековите кои ги намалуваат нивото на серумските липиди. На второ место се лековите наменети за третман на бенигна хипертрофија на простатата кои во 2013 година биле на трето место, а адренергичните лекови(инхалатори) се наоѓаат на трето место , истите во 2013 година биле на петто место.

[2] А02В-Лекови за пептичен улкус и гастроезофагеален рефлукс; А10В-Антидијабетици; С04А- Периферни вазодилататори; С07А-Бета блокатори; С08С-Селективни блокатори на калциумови канали; С09А-АЦЕ инхибитори; С09С-Ангиотензин II антагонисти; С10А-Модифицирачки средства за маснотии во крв; G04C-Лекови за бенигна хипертрофија на простата; J01C-Бета лактамски антибактериски лекови, пеницилини; J01D-Други бета лактамски антибактериски лекови; М01А-Антивоспалителни и анти ревматски лекови, нестероидни; N05B-Анксиолитици; R03A-Адренергици, инхалации; R03B-Други лекови за обструкција на дишните патишта.

Графикон 16. Топ 10 по вкупни износи по АТК ниво III, 2014 година[2]




1.1.3.3 Потрошувачка на лекови на рецепт според АТК петто ниво

Најкористен лек во 2014 година, како и во претходните години е лекот **Enalapril** со вкупно 1,8 милиони реализирани рецепти, што претставува 9,3% од вкупно реализирани рецепти или 8,5% повеќе во однос на 2013 година. Овој лек спаѓа во групата кардиолошки лекови кои делуваат на ренин-ангиотензин системот (Графикон 17).

Состојбата во однос на најкористените лековите во однос на 2013 година е непроменета кај лекови кои се наоѓаат на првите пет позиции.


Други лекови од оваа група во топ десет најпотрошувани лекови влегуваат и Pentoxifylline, Lisinopril. Лекот Diazepam од АТК N групата се наоѓа на четврто место по потрошувачка. Во првите десет најпотрошувани лекови се вбројуваат и лековите Metformin, Bisoprolol, Atorvastatin, Amoxicillin+clavulanic acid, Diclofenac и Ranitidine.

Графикон 17. АТК ниво V - Топ 10 лекови по број на рецепти за 2014 година




Доколку се анализира потршувачката на лекови според ДДД/1000/ден во првите десет најпотрошувани лекови за 2014 година се генериките дадени во Графиконот 18.

Графикон 18. АТК ниво V - Топ 10 лекови по ДДД/1000/ден во 2014 година



Во графиконот 19 прикажани се 10 лека кај кои се забележува најголемо зголемување на потрошувачката по ДДД/1000/ден во однос на 2013 година.


Графикон 19. Приказ на 10-те лека со најголемо зголемување во потрошувачката



По АТК петто ниво, како и претходните години најмногу средства се издвоени за генеричкиот лек Atorvastatin за кој во 2014 година се издвоени вкупно 113,1 милиони денари, што претставува 5% од вкупниот износ за лекови и воедно за истиот се бележи зголемување на вкупно исплатениот износ за 2,3% во однос на износот издвоен во 2013 година. Овој лек спаѓа во групата на кардиолошки лекови кои го намалуваат нивото на серумски липиди.

Од групата на кардиолошки лекови во топ десет влегуваат и генеричките лекови Pentoxifylline, Enalapril, Losartan и Rosuvastatin (Графикон 20). Од групата на антиинфективни лекови најмногу средства се издвоени за антибиотиците Amoxicillin +clavulanic acid и Cefixime. Од лековите наменети за третман на болести на респираторниот систем во топ десет лекови за кои се издвоени најмногу средства влегуваат генеричките лекови Fluticasone и Salmeterol+fluticasone. Во првите десет се наоѓа и лекот Tamsulosin од групата G.


Графикон 20. Вкупни износи за 10 најпотрошувани лекови по АТК ниво V, 2013 година



1.1.4. Потрошувачка на Топ - 10 лекови по генерики по ФЗО Подрачни служби во 2014 година


Од Графикон 21 може да се забележи дека бројот на реализирани рецепти на најпотрошуваните десет лека е најголем во Подрачната служба Скопје во која се реализирани 31,74% од вкупниот број на рецепти за овие 10 лека и ова претставува намалување од околу 1%, во однос на 2013 година. Во Подрачната служба Битола се реализирани околу 6 % со што оваа Подрачната служба е втора по потрошувачка на топ 10 генерики. Трета по бројот на реализирани рецепти за топ 10 генерики во 2014 година е Подрачната служба Тетово со 5,97% од вкупниот број на рецепти. Најмал број на реализирани рецепти од најпотрошуваните лекови има во Подрачната служба Крушево (0,29%). Во 2014 година во речиси сите подрачни служби најпотрошуван лек е enalapril, со исклучок на ПС Кочани и ПС Кратово каде најпотрошуван е лекот Lisinopril, кој е од истата група како и enalapril.

Графикон 21. Број на реализирани рецепти за 10 најпотрошувани лекови по подрачни служби




Анализата на потрошувачката на 10-те најпотрошувани лекови по ДДД/1000/ден покажа дека исто како и во претходните години најпотрошуван лек е генериката Enalapril во сите подрачни служи, освен во подрачната служба Кочани каде најпотрошуван лек е генериката Lisinopril (графикон 22).

Графикон 22. Топ- 10 најпотрошувани лекови по ДДД/1000/ден, по ФЗО Подрачни служби, 2014 година



Но, ако во Подрачна служба Скопје имаше најголем број на реализирани рецепти за лекот Enalapril, по ДДД на 1000 осигуреници на ден, лекот Enalapril е најпотрошуван е во Подрачната служба Берово.

Графикон 23. Вкупни износи за 10-те најпотрошувани лекови по ФЗО подрачни служби, 2014 година




Во однос на вкупните износи за најпотрошуваните десет генерики, најмногу средства се одвоени во Подрачна служба Скопје околу 35,6%. Во Подрачната служба Тетово се одвоени 6,06%, а во Подрачна служба Прилеп 6,02%. Најмал дел од средствата за најпотрошуваните десет генерики се издвоени во Подрачна служба Брод (0,3%) (Графикон 23).

Во 2014 година **лековите без доплата имаат учество во вкупната потрошувачка со околу 21%** во однос на вкупниот број на реализирани рецепти, односно околу 45% во вкупниот издвоен износ за лекови. Трендот на намалување на потрошувачката на овие лекови продолжува и во 2014 година и покрај мерките кои ги превзема ФЗОМ преку договорите кои ги склучува со избраните лекарии ПЗУ аптеките. Имено, со договорите кои ги има склучено Фондот за здравствено осигурување на Македонија со лекарите и аптеките, истите се задолжени списокот на лекови без доплата да го испечатат минимум на А3 формат и да го истакнат на видно место во ординациите, односно во аптеките. Дополнително, лекарите при пропишување на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ потребно е да ги информираат осигурениците за тоа кој лек од пропишаната генерика е без доплата, а иста обврска има и фармацевтскиот кадар во аптеките при подигање на лекот од страна на осигурениците.

Трендот на намалување на потрошувачката на лековите без доплата и покрај позитивните ефекти од утврдувањето на референтните цени на лековите со кои ФЗОМ во континуитет обезбедува голем број на лекови без доплата, покажува дека осигурениците не го коирстат ова нивно право и истото се смета дека се должи на нецелосна дистрибуција на информацијата во врска со лековите без доплата од здравствените работници до осигурениците.

Споредено со 2013 година намалувањето на бројот на реализирни рецепти за овие лекови е за околу 2%, а вкупиот издвоен износ е намален за околу 2%. Во графикот подолу дадено е учеството на лековите без доплата во вкупниот број на рецепти односно во вкупниот износ за 2012,2013 и 2014 година.

Графикон 24. Учество на лековите без доплата во потрошувачката, 2012- 2014 година



Анализата на потрошувачката на лековите без доплата, за генериките од Образецот ГЛБД од кои здравствените установи – аптеки согласно договорот во секое време треба да имаат најмалку по еден лек, покажа дека во 2014 година се реализирани 1.507.713 рецепти во износ од 223.081.877 денари што преставува намалување од 5% во однос на број на реализирани рецепти за лековите од ГЛДБ образецот во 2013 година, и зголемување од 30% на вкупниот износ за овие лекови во 2013 година. Причина за зголемувањето на вкупниот износ за овие лекови наспроти намалувањето на бројот на реализирани рецепти меѓудруготот е и тоа што во 2014 година беа направени две измени во ГЛБД образецот согласно информациите за достапноста на одредени лекови содржани во истиот.

1.2 Потрошувачка на скапи лекови во примарна здравствена заштита

Во 2010 година донесена е Одлука за утврдување скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ, а што се издаваат на рецепт во аптеките надвор од нивниот определен

месечен износ (квотите) со што е овозможено непречено снабдување на осигурениците со овие лекови.

По ажурирањето на оваа одлука со примена од 01.01.2014 година, потрошувачката на овие лекови во периодот 2011 - 2014 година е прикажана во Табела 5.

Табела 5: Потрошувачка на скапи лекови за ПЗЗ, 2011-2014 година

	2011		2012		2013		2014	
	Број на рецепти	Вкупен износ	Број на рецепти	Вкупен износ	Број на рецепти	Вкупен износ	Број на рецепти	Вкупен износ
Cyproterone	7.025	15.284.370,95	7.882	10.860.042,78	0	0	0	0
Mycophenolic acid	3.866	22.938.380,38	3.826	13.441.790,81	3.647	14.684.553,93	1.108	14.478.236
Ciclosporin	3.493	5.536.018,97	3.762	6.231.680,55	3.779	6.132.864,50	3.379	5.370.469
Ribavirin	615	22.912.751,62	558	10.824.476,39	510	9.329.144,75	403	4.948.328
Desmopressin	399	917.250,62	531	1.254.787,64	708	1.773.534,63	3.123	6.279.664
Lamivudine	238	873.479,67	940	2.777.985,00	1.529	4.359.547,92	1.680	4.597.620
Tacrolimus	35	300.775,97	145	1.253.048,16	677	4.745.372,04	2.057	4.247.097
Clodronic acid	35	267.679,79	365	2.760.407,63	280	2.055.636,20	174	1.272.475
Morphine	0	0	0	0	0	0	81	50.963
Amilase+Lipase +Protease	/	/	/	/	15.751	8.480.196,23	16.424	10.217.442
Levetiracetam	/	/	/	/	4.890	15.166.261,33	591	1.589.259
Mesalazine	/	/	/	/	423	686.952,10	1.356	1.100.901
Ursodeoxycholic acid	/	/	/	/	/	/	526	849.515
Pramipexole	/	/	/	/	/	/	3.082	10.826.643
Вкупно	**15.706**	**69.030.708**	**18.009**	**49.404.219**	**32.194**	**67.414.060**	**33.984**	**65.828.611**

Вкупниот износ за скапите лекови во 2014 година изнесува 65,8 милиони денари што е околу 2,9 % од вкупните средства за лекови на рецепт. Вкупниот издвоен износ за овие лекови намален за износот на наплатена партиципација и износот на услугата за издадени лекови на рецепт изнесува 59,02 милиони денари и остиот претставува околу 98% од предвидените буџетски средства за аптеките за овие лекови кои за 2014 година изнесуваа 60 милиони денари.

Бројот на рецепти за овие лекови во 2014 година е зголемен за околу 5,5% во однос на 2013 година. Причина за драстично зголемениот број на реализирани рецепти за лекот Dessmopressin, е тоа што Одлука за утврдување скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ во 2014 година е дополнета со уште една фарамцевтска форма на оваа генерика.
Намалувањето пак на бројот на реализирани рецепти кај генериката mycophenolic acid(лек кој се користи при трансплантација на органи) и levetiracetam(антиепилептик) е резултат исто така на измени во Одлука за утврдување скапи лекови, односно од истата беа избришани одредени јачини, односно фармацевтски форми на овие генерики. Овие корекции во Одлуката за утврдување на скапи лекови секако се една од причините за намалаување од околу 2,4% на вкуниот износ издвоен за овие лекови, во споредба со 2013 година.

Најголема потрошувачка по број на рецепти од скапите лекови во ПЗЗ во 2014 година, исто како и во 2013 година, има лекот amilase+lipase+protease со 16.424 реализирани рецепти, кој се наоѓа на Листата на лекови за примарна здравствена заштита за индикација докажана инсуфициенција на панкреас и спаѓа во групата на ензимски препарати, а додека најголем износ е издвоен за лекот mycophenolic acid (14,5 милиони денари или 22% од вкупниот износ за скапи лекови) кој спаѓа во групата на имуносупресиви и се наоѓа на Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ за индикација трансплантација на органи.

1.3 Лекови за трансплантирани органи, според Програма на Влада на РМ

За лековите од АТК групата L- антинеопластични и имуномодулаторни лекови кои се подигнуваат на рецепт на товар на Фондот и за кои осигурениците со трансплантирани органи (дијагноза Z94 по МКБ-10) се ослободени од партиципација согласно Програма на Владата на РМ, потрошувачката е прикажана во Табелата 6.

Табела 6. Број на рецепти за лекови за трансплантирани органи

Генеричко име	Бројна на рецепти 2011	Број на рецепти 2012	Број на рецепти 2013	Број на рецепти 2014	Индекс 2012/2011	Индекс 2013/2012	Индекс 2014/2013
Ciclosporin	2.787	3.229	3.245	2.917	1,16	1,004	0,9
Mycophenolic acid	3.524	3.740	3.633	3.701	1,06	0,97	1,02
Вкупно	6.311	6.969	6.878	6.618	1,1	0.99	0,96

Од горната табела се забележува дека кај генериката Ciclosporin за прв пат има намалување на бројот на реализирани рецепти и тоа за околу 10% во споредба со 2013 година. Кај генериката Mycophenolic acid во 2014 година има зголемување на вкупниот бројот на реализирани рецепти за околу 2% во однос на 2013 година.

Како што е погоре споменато, пациентите со трансплантирани органи се ослободени од партиципација која за овие лекови за 2014 година изнесува 1.662.240,00 денари.

Овие лекови влегуваат и во групата на скапи лекови кои се испорачуваат за осигурениците надвор од квотите на аптеките.

Во 2014 година бројот на реализирани рецепти за лекови за трансплантирани органи опфаќаат околу 0,034% од вкупниот број на реализирани рецепти и 0,93% од вкупните износи за лекови на товар на Фондот во примарна здравствена заштита.

Табела 7. Вкупни износи за лекови за трансплантирани органи, 2011-2014 година


Генеричко име	Вкупен Износ 2011	Вкупен износ 2012	Вкупен износ 2013	Вкупен износ 2014	Индекс 2012/2011	Индекс 2013/2012	Индекс 2014 /2013
Ciclosporin	3.979.720	4.946.484	4.904.374	4.348.433	1,24	0,99	0,9
Mycophenolic acid	21.105.013	13.215.005	14.615.343	16.893.076	0,63	1,105	1,15
Вкупно	25.084.734	18.161.489	19.519.717	21.241.508	0,72	1,074	1,09

1.4 Потрошувачка на лекови пропишани од лекари во дежурна служба

Во 2010 година донесена е Одлука за утврдување на лекови кои може да ги пропишуваат лекарите во дежурната служба, а од 2013 година овие реализирани рецепти аптеките ги фактутрираат надвор од нивниот определени месечен износ (квотите).


Во 2014 година биле реализирани вкупно 4.891 рецепти кои биле пропишани од лекарите во дежурната служба, во вкупен износ од 410.291 денари. Ова претставува намалување од околу 5,8% на бројот на реализирани рецепти, односно околу 6,7% на вкупните износи во однос на 2013 година.

Графикон 25. Потрошувачка на лекови пропишани од лакари во дежурна служба, 2011- 2014 година



Рецепти пропишани од лекарите во дежурната служба се реализирани во 17 подрачни служби (Графикон 27).

Графикон 26. Потрошувачка на лекови пропишани на рецепт од лекари во дежурна служба, по број на рецепти по подрачна служба, 2014 година



Заклучоци

- Постои континуиран тренд на зголемување на снабдувањето со лекови на рецепт на осигурениците на ФЗОМ во периодот од 2008 година наваму, односно зголемувањето на количините на обезбедените лекови и соодветно вкупните износи потрошени за лекови на рецепт на товар на ФЗОМ бележат значаен пораст во периодот 2008 до 2014 година од 88.5% и 71.6%
- Во 2014 година на товар на ФЗОМ во аптеките се реализирани 19.385.458 рецепти, со вкупен износ од 2.263.253.158 денари.
- Зголемената потрошувачка на лековите од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ и кои се издаваат на рецепт во ПЗУ аптеките е резултат меѓудругото и на измените на Листата на лекови кои беа направени во текот на 2014 година.
- Потрошувачката по број на реализирани рецепти е најголема во Подрачна служба Скопје вкупно 6.072.856 рецепти (31,3%).
- Потрошувачката по ДДД/1000 осигуреници/ден е најголема во Подрачна служба Берово вкупно 856 ДДД единици
- Потрошувачката на лекови на рецепт по вкупни износи е најголема во Подрачна служба Скопје вкупно 765.618.700 денари (34%)
- На ниво на РМ во 2014 година просечно се реализирани околу 10,8 рецепти по осигуреник.
- Најмногу рецепти по подрачни служби по осигуреник се реализирани во Подрачна служба Берово Неготино со просечно околу 16 рецепти по осигуреник.
- Најмногу рецепти по региони по осигуреник се реализирани во Југоисточниот регион со просечно 12,72 рецепти по осигуреник.
- На ниво на РМ во 2014 година просечно се издвоени по 1.285 денари по осигуреник.
- Најмногу средства по осигуреник се издвоени во Подрачна служба Берово со околу 1.604,8 денари.
- Најпотрошувани лекови во 2014 година на АТК прво ниво се лековите од С групата (лекови кои делуваат на кардиоваскуларниот систем) и тоа по број на реализирани рецепти, по број на ДДД/1000/ден и по износи.
- Најпотрошувани лекови во 2014 година на АТК трето ниво според број на реализирани рецепти и по број на ДДД/1000/ден се С09А- АЦЕ инхибиторите.
- Во однос на издвоените средства на лековите по АТК трето ниво, најмногу се издвоени за лековите од С10А - лековите кои ги намалуваат нивото на серумските липиди.
- Најкористен лек на АТК петто ниво во 2014 година според бројот на реализирани рецепти, како и во претходните години, е лекот Enalapril со вкупно 1,8 милиони реализирани рецепти, што претставува 9,3% од вкупно реализирани рецепти.
- Според ДДД/1000/ден во 2014 година, според АТК петто ниво исто така најкористен е лекот Enalapril со околу 84,6 ДДД/1000 осигуреници/ден.
- Како и претходните три години, според АТК петто ниво, најмногу средства се издвоени за генеричкиот лек Atorvastatin за вкупно 113,1 милиони денари.

- Во 2014 година лековите без доплата имаат учество во вкупната потрошувачка со околу 20,75% во однос на бројот на реализирани рецепти, односно околу 45,17% во вкупниот издвоен износ за лекови.
- За скапи лекови во 2014 година вкупно се реализирале 33.984 рецепти со вкупен износ 65.828.611 денари.
- Бројот на рецепти за лекови за трансплантирани органи во 2014 година изнесува 6.618 со вкупен износ од 21.241.508 денари.
- Во 2014 година од лекарите во дежурната служба биле реализирани вкупно 4.891 рецепти со вкупен износ од 410.290 денари.

Предлог мерки

- Зајакнување на контролите на избраните лекари во делот на пропишување на лекови
- Почитување на Упатствата за медицина базирана на докази од страна на лекарите
- Подигање на свеста на осигурениците за правилна примена на лековите
- Продолжување и продлабочување на анализата на потрошувачката на лекови од Листата на лекови кои се издаваат на рецепт на товар на ФЗОМ
- Воспоставување на системко решение со кое би се следела потрошувачката на лековите од Листата на лекови за болничка здравствена заштита со цел добивање на комплетна слика за потрошувачката на лекови.